И ПОКРАЈ ДОЦНЕЊЕТО НА ИЗБОР НА МАКЕДОНСКИ ПРЕТСТАВНИК

# За Венециското биенале, конкурс за десетина дена

Министерството за култура по новогодишните празници ќе распише конкурс за македонски претставник на уметничкото биенале во Венеција. Изборот ќе го прави комисија, а на конкурсот свој проект ќе може да пријават институции и самостојни уметници. Изложбата на претставникот што ќе го избере Министерството ќе го финансира државата, а другите може да учествуваат, но со самофинансирање.

Конкурсот за пријавување на Венециското биенале заврши во минатиот месец. Македонија ќе направи обиди да прати свој претставник во Италија. Земјите што имаат свои павилјони во Венеција секоја втора година ги изложуваат своите врвни достигнувања во уметноста. Македонија е од земјите што изнајмуваат павилјон-простор за изложување. Ако го додели организаторот просторот, цената на изнајмувањето е симболична. Цената за закупување павилјон за учесниците што изложуваат самоиницијативно е огромна инвестиција.

Венециското биенале е светска културна манифестација, која ќе се одржи од 10 јуни до 14 ноември, идната година. Тема на 49-тата меѓународна изложба на уметноста е „Плато на човештвото“. Изложбениот простор од 12.000 квадратни метри ќе биде исполнет со проекти, изложби, просторни инсталации. Срце на случувањата во Венеција ќе биде Театро ал Тесе, а ќе има и придружна програма - кино, театар, танц, музика. Меѓународното венециско биенале има широка панорама на активности. Присутни се уметници како Си Туомбли, Џозеф Бенис, Ричард Сера, но и нови имиња што се пробиваат во светската уметност. Во период од пет месеци, Венеција е Мека на уметниците, кои ги презентираат своите дела. Тогаш субјектите и различните дисциплини може да дејствуваат со силата на нивната анатомија.



Во Венеција сепак ќе има претставник на македонската уметност

Македонија досега трипати учествуваше на Венециското биенале. Првпат во 1993 година, кога организатор беше Музејот на современата уметност. Нашата земја се претстави со инсталациите на скулпторите Глигор Стефанов и Петре Николоски. Потоа, четири години подоцна, со скулптури од Анета Светиева, а претставувањето го организираше Уметничката галерија Скопје. Во минатата година нашата земја немаше претставник избран од Министерството, зашто проектот на Петар Хаџи Бошков беше оценет како прескап и не отиде на биеналето. На биеналето учествуваше МСУ, независно од државата, со проектот „Прекрасно суштество“ на Искра Димитрова. (В.И.)